Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 05.07.2022

На 04.07.2022 во 22.25 часот во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле Н.А.(28) од Тетово. За него била издадена судска наредба, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 05.07.2022, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ф.Ј. (38) од Куманово. Тој се сомничи дека во угостителски објект на улица „Гоце Делчев" во Куманово одзел личен предмет од едно лице. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а Ф.Ј. бил приведен во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 04.07.2022 околу 21.00 часот во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го привеле Н.Е.(50) од Тетово. За него била издадена судска наредба, со која се барал за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 04.07.2022 во 20.30 часот пред спортски објект на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода У.С.(41) од Република Словенија, затоа што кај него биле пронајдени марихуана и предмет кој потекнува од кривично дело „кражба" казниво по чл.235 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.07.2022 околу 22.00 часот на улица „Љуботенска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.М.(41), затоа што кај него бил пронајден кокаин. А.М. бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 04.07.2022 околу 22.30 часот на улица „29 Ноември" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ја лишиле од слобода 26-годишната тетовка А.М., затоа што кај неа бил пронајден кокаин. Таа била задржана во Полициската станица Тетово за натамошна постапка и ќе ѝ биде изготвен соодветен поднесок.

На 05.07.2022 околу 02.10 часот на локален пат во тетовско Теарце, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ј.А.(24) и В.А.(20) од тетовско Першовце и Д.С.(21) од с.Слупчане, општина Липково, кои десетина минути пред тоа на регионалниот пат Џепчиште-Першовце на даден знак за запирање од страна на полициските службеници, не застанале со нивното возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, во кое тројката се превезувале и се обиделе да удрат еден од полициските службеници. При нивен и преглед на возилото им биле пронајдени хашиш, марихуана и спреј-солзавец. Трите лица се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе се соочат со соодветни поднесоци.

На 04.07.2022 во 17.00 часот на улица „165" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода Р.Т.(23) од Тетово, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против Р.Т. ќе следува поднесок.

На 04.07.2022 во 11.15 часот во Полициската станица Гази Баба било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со тешки телесни повреди бил донесен С.П.(28) од с.Петровец, скопско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека вршел работни задачи во фирма во кругот на МЗТ Скопје, на подрачјето на Гази Баба. На местото на настанот излегле полициски службеници и Трудов инспектор.

На 04.07.2022 во СВР Скопје е пријавено дека во врска со ненајавен јавен собир, кој се одржал во период од 19.00 часот до 22.10 часот на подрачјето на СВР Скопје констатирани се неколку нарушувања на јавниот ред и мир. Така, околу 16.50 часот, пред Владата на РСМ, неколку лица го запалиле знамето на Европската Унија. Околу 19.35 часот дел од учесниците на протестот го нарушиле јавниот ред и мир со фрлање на разни предмети и пиротехнички средства кон објектот на Владата, а дел од нив ја оштетиле и уништиле заштитната ограда. Околу 20.30 часот дел од учесниците на протестот се упатиле кон зградата на Собранието на РСМ каде фрлале со тврди предмети кон зградата на Собранието и кон полициското кордон, при што биле повредени четири полициски службеници кои биле пренесени во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. На 05.07.2022 во 01.33 часот, пак, е пријавено дека околу 00.20 часот е забележано оштетување на еден прозорец од објектот на Владата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2022 во рамки на засилената акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 261 возач. Од нив 16 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. При тоа 127 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 134 надвор од населено место.

На 04.07.2022 во рамки на акциските контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 91 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина осум санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, 13 санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, 12 мерки за недавање првенство на пешаци...

На 04.07.2022 околу 15.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Васил Ѓорѓов" и ул.„Козара" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди", управувано од С.Т.(40) од Скопје и мопед „кимко", управуван од Н.Ѓ.(22) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. По несреќата Н.Ѓ. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 04.07.2022 во 21.10 часот во Полициската станица Аеродром, С.П.(64) од Скопје пријавила дека во с.Долно Лисиче, скопско, била касната од куче скитник.

На 04.07.2022 во 21.35 часот во Полициската станица Аеродром, П.Ф.(45) од Скопје пријавил дека неговиот малолетен син на паркинг на Железничка станица Скопје бил каснат од куче скитник.

На 04.07.2022 во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги привеле Б.П.(45) од Р.Србија и 30-годишниот О.Н. од Мароко. Во товарно возило со српски регистарски ознаки, кое го управувал Б.П., бил пронајден мароканскиот државјанин, кој немал пријавено престој на подрачјето и не ги поседувал потребните документи. О.Н. бил спроведен во Транзитниот центар Табановце и по расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Џ.И.(33) од селото Мал Папрадник, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сторени кривични дела „бесправна градба" и „узурпација на недвижности". Тој, во текот на минатата година, во атарот на селото Коџаник, узурпирал 118,79 метри квадратни државно земјиште и без одобрение и друга потребна документација неовластено изградил објект од тврда градба. Со тоа, тој се стекнал со противправна имотна корист од околу 235.204 денари.

Денеска (05.07.2022) во 09.37 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека во зграда во изградба на бул.„Цветан Димов" во Кавадарци, извршувајќи работни задачи, при пад од кран од здобијените повреди на местото починале С.С.(51) и М.Н. (31), двајцата од Скопје. Според пријавеното, со повреди се здобил и Ч.М. од Скопје и бил пренесен во болницата во Кавадарци за укажување лекарска помош. Увид на местото вршат Јавен обвинител и екипа од Полициската станица Кавадарци. За случајот е запознаен и Трудов инспектор.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против А.Т.(30) од Неготино и С.С.(23) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 04.08.2019 на патниот правец Неготино - Кавадарци, полициски службеници извршиле контрола во патничко возило во кое се превезувале пријавените, при што пронашле марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.М. (33) од с. Долно Јаболчиште, општина Чашка, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или експлозивни материи". На 04.03.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле пет куршуми со калибар 12 мм.

На 05.07.2022 во 09.00 часот во Полициската станица Аеродром, Н.К.(20) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.

На 04.07.2022 во 16.30 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Ѓ.(58) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека околу 16.15 часот на автобуска постојка во с.Идризово, скопско, додека извршувал работни задачи како возач на автобус на ЈСП, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Чаир, А.Е.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Босна и Херцеговина" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 04.07.2022 во 10.20 часот во Полициската станица Центар било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза", поради меѓусебно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир од физичка пресметка помеѓу Г.А.(43) и Е.Љ.(29), двете од Скопје, кои биле пациентки во клиниката. По документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци.

На 04.07.2022 во 20.45 часот во СВР Битола, Д.С.(39) со австралиско државјанство и престој во Охрид, пријавила дека околу 18.40 часот на ул.„Мирка Гинова" во Битола, три лица физички ја нападнале и ѝ одзеле пари и лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2022 во СВР Скопје било пријавено дека во 21.31 часот во с.Ласкарци, скопско, две лица од огнено оружје пукале кон Р.Ќ.(34) од с.Ласкарци. Тој се здобил со повреди, по што починал во возило на Итна медицинска помош при транспорт до Комплексот клиники „Мајка Тереза". Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.07.2022 во 14.10 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, К.П.(29) од с.Волково, скопско, пријавила дека во с.Волково нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет